**Клучни факти и показатели на глобално ниво:**

- Депресијата е најраспростането ментално растројство, т.е. болест, а не карактерна слабост, која може да му се случи секому.
- Депресијата е една од водечките причини за инвалидитет и влошување на здравствената состојба на луѓето во светот.
- На глобално ниво, повеќе од 300 милиони луѓе, (т.е. 322 милиона) од сите возрасти, страдаат од депресија, што е еквивалентно на 4.4% од светската популација.
- Депресијата е почеста кај жените (5.1%) отколку кај мажите (3.6%) во вкупната светска популација.
- 3% од вкупните здравствени трошоци во светот одат за подобрување на менталното здравје на луѓето.
- Во најлош случај, депресијата може да доведе до самоубиство.

Извор: Светска здравствена организација




**Случаи на депресивни нарушувања (во милиони), според регионите на СЗО**




Извор: Светска здравствена организација




**Самоубиства: Факти и бројки на глобално ниво:**

- Самоубиството е втора водечка причина за смрт кај возрасната група од 15 до 29 години.
- Над 800.000 луѓе умираат од самоубиство секоја година - по 1 самоубиство на секои 40 секунди.
- Стратешка цел на СЗО во рамките на здравствената програма (2013- 2020) е намалување на стапката на самоубиства за 10 %.

Извор: Светска здравствена организација

**Умрени лица од душевни растројства и растројства во однесувањето (F00-F99), 2011-2015**

| | Вкупно | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 2011 | 22 | 14 | 8 |
| 2012 | 11 | 10 | 1 |
| 2013 | 25 | 16 | 9 |
| 2014 | 38 | 20 | 18 |
| 2015 | 22 | 12 | 10 |
| Вкупно | 118 | 72 | 46 |

Извор: Државен завод за статистика

# Депресија
# Ајде да зборуваме

**7 април, денот кога во далечната 1948 г. е основана Светската здравствена организација (СЗО) секоја година се одбележува како Ден на здравјето и се посветува на одредена тема, а оваа година тоа е „Депресија: Ајде да зборуваме“ или „Depression: Let's talk“**

**Во Република Македонија постојат следните установи за болничко лекување на заболени од ментални и душевни растројства:**
**- 1 Универзитетска клиника за психијатрија;**
**- 3 специјални болници за душевни болести: Психијатриска болница - Скопје, Невропсихијатриска болница - Негорци и Болница за душевни болести - Демир Хисар и**
**- 13 невропсихијатриски одделенија во општите болници.**

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија

**Лекувани болни од депресивна епизода и рекурентно депресивно растројство (F32 - F33) во Универзитетската клиника за психијатрија, невропсихијатриските одделенија при општите и клиничките болници и специјалните болници за душевни болести во Република Македонија, 2009 - 2015 година**




Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија




- Во Република Македонија, во периодот 2011-2015 година, од овие заболувања (вклучени се растројствата во психолошкиот развој) се починати 118 лица.
- Учеството на умрените лица од душевни растројства и растројства во однесувањето, во однос на вкупниот морталитет во периодот 2011-2015 година, има мало учество и изнесува 0.1%.
- Од вкупниот број на умрени од душевни растројства и растројства во однесувањето, смртноста кај машката популација изнесува 61.0%, а кај женската 39.0%.

Извор: Државен завод за статистика




**Самоубиства: Факти и бројки за Република Македонија, 2015 година**

- Учеството на самоубиствата во вкупниот морталитет изнесува 0.6%.
- Во вкупниот број на случаи на насилна смрт (513), бројот на самоубиства изнесува 114 или 22.2%.
- Во вкупниот број на самоубиства поголемо учество се забележува кај мажите, т.е. 82 случаја или 71.9 %, а 32 случаја или 28% се жени.

Извор: Државен завод за статистика

